Министерство за образование и наука
Биро за развој на образованието

# ПРАВИЛА ЗА РАБОТА НА РЕЦЕНЗЕНТОТ

Сектор за истражување во образованието

ул “Руѓер Бошковиќ” бб
1000 Скопје
Република Македонија
тел. ++389 2 3064 131
факс ++389 2 3061 057
е-пошта
bro.macedonia@bro.gov.mk
www. bro.gov.mk

Почитувани рецензенти,

Со цел да се обезбеди подобар квалитет на трудовите кои се објавуваат во научно-стручното списание „Образовни рефлексии“, како и да се подигне стандардот на објавените трудови, Уредувачкиот одбор на списанието „Образовни рефлексии“ дава правила за работата на рецензентите.

Според Правилникот за издавачка дејност на Бирото за развој на образованието за списанието „Образовни рефлексии“, рецензирањето на трудовите се одвива од страна на рецензент од областа на пријавениот труд, а предлогот за избор на рецензент ја донесува Уредувачкиот одбор.

<u>Правила за работата на рецензентот</u>

- Уредувачкиот одбор го избира рецензентот, ги шифрира трудовите и му ги доставува текстовите. Уредувачкиот одбор реши трудовите да бидат шифрирани, односно за рецензентот авторот да е анонимен.
- Рецензентот треба да даде мислење за предметот на истражување, соодветноста на насловот, како и мислење за воведниот, главниот и завршниот дел од трудот , со евентуаулни препораки за корекции. Исто така, треба да се земе во предвид и теоретско-методолошкиот пристап, стилот и другите карактеристики на трудот.
- Рецензентот треба да посочи каков вид е трудот (категорија), односно да ли е: 1. изворен труд (оргинален научен труд), 2. кратко соопштение, 3. претходно соопштение, 4. прегледни статии (прилози), 5. излагања (реферати од научни собири), 6. стручни статии.
- Потоа дава забелешки за трудот и оценува дали трудот може да се објави во списанието.

- Рецензијата треба да биде најмалку 2 страни, каде што ќе бидат неведени сите претходно наведени елементи.
- Доколку рецензентот оцени дека по постапувањето по забелешките трудот може да се објави, Уредувачкиот одбор го известува авторот на трудот за забелешките и доколку истиот се согласи се постапува по забелешките од рецензентот.
- Уредувачкиот одбор и рецензентот немаат обврски да му соопшти на авторот зошто трудот не е објавен.

Со почит,

м-р Игор Јуруков
главен и одговорен уредник